**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-435/7**
**Скопје, 10.08.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Валандово за 2005 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Валандово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Јован Пеев, Градоначалник на општина Валандово, до 13.04.2005 година, и
- Николче Чурлиновски, Градоначалник на општина Валандово од 14.04.2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 15.05. до 17.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на интерни акти**

10.1.1. Во врска со закупот на деловниот простор ревизијата констатира дека се склучени договори за издавање под закуп на недвижности без Одлука од Советот на општината и без да се спроведе постапка по пат на јавно надавање спротивно на Законот за локална самоуправа и тоа:

- договор број 07-12/2 од 04.05.2000 година со ТДПТУ „Димо Димостхени“ ДООЕЛ Валандово за закуп на деловен простор на К.П. бр.195 во Валандово, дел од втор кат со површина 450м2, за време од 5 години и закупнина по 2 ДМ од м2 со тоа што сите трошоци во врска со користењето и тековното одржување ги сноси закупецот. Склучен е анекс договор број 07-12/3 од 29.09.2003 година со кој извршените инвестициони вложувања за доградба и реновирање на објектот се засметуваат во закупнината. Една година пред истекот на договорениот рок на барање на закупецот склучен е договор бр. 07-40/1 од 04.05.2004 година со што е продолжен рокот на важност на договорот за 10 години и

- договор број 07-21/1 од 19.02.2001 година со „3-Каливас-Текстил„ ДООЕЛ Пирава за закуп во К.П. број 515 во КО Раброво на деловен простор, приземје и кат со вкупна нето површина од 440м2, подрум со нето површина 123м2 и двор со вкупна површина од 6,960м2 за период од 10 години со кој закупецот се ослободува од плаќање на закупнина со обврска да изврши реконструкција на објектот.

Советот на општината со Одлука број 08-32/3 од 30.06.2000 година ја утврдува висината на зкупнината и истата изнесува од 2 до 5 ДМ од м2, во зависност од местоположбата и состојбата на деловниот простор, намената за која ќе биде користен истиот и бројот на вработувања од страна на закупецот. Со истата е предвидено и тоа дека инвестиционите вложувања на закупецот за санација може да бидат засметани во закупнината согласно приложена и прифатена документација.

Поради тоа што Одлуката за висината на закупнината е донесена по склучување на договорите за издавање на деловни простории под закуп, нема постапка за издавање на истите под закуп и тоа дека за едниот објект е договорена најниска закупнина од 2 ДМ за м2, а другиот објект е издаден без надокнада, остава сомнеж за тоа дека Градоначалникот, за периодот 2000 – 2005 година, располагал и стопанисувал со општинскиот имот како добар домаќин и во јавен интерес во согласност со надлежностите од Законот за локална самоуправа.

**Препорака:**
Издавањето под закуп на недвижности, сопственост на општината треба да се врши на транспарентен начин, со можност за учество на повеќе заинтересирани страни и согласно Законот за локална самоуправа.

**10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.2.1. Преку сметката на Буџетот на општина Валандово, во текот на 2005 година извршени се директни плаќања по разни основи во вкупен износ од 1,696 иљади денари што е спротивно на одредбите на Законот за буџетите. Тоа е поради неправилна примена на претходно споменатиот закон и како резултат на тоа се јавува директно извршување на Буџетот, а не извршување преку неговите органи, како што е пропишано со Законот за буџетите. Непочитувањето на законските прописи доведува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Извршувањето на Буџетот да е во согласност со одредбите од Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.3.1. Позицијата Краткорочни побарувања е потценета за износ од 1,790 иљади денари и за истиот износ е потценета состојбата на Пасивните временски разграничувања поради не евидентирање на побарувањата по повеќе основи кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Општина Валандово не испоставува редовно фактури и не ги евидентира побарувањата и тоа:
- За издавање под закуп на деловен простор на ТДПТУ „Димо Димостхенис„ ДООЕЛ Валандово, од 2000 до 2005 година не се видентирани побарувањата во вкупен износ од 1.941 иљада денари, од кое наплатено 503 иљади денари. Износот од 1.438 иљада денари не е евидентиран во општина Валандово и тоа:

- по известување од општината 284 иљади денари од страна на закупецот префрлени се средства на спортското друштво Победа 99 Валандово,
- по договор за цесија 408 иљади денари платено на градежна фирма Олисон Валандово,
- и по фактури за извршени разни градежни работи од закупецот за износ од 620 иљади денари, останува за наплата 126 иљади денари.

- За побарувањата по основ на комунални расходи (струја, вода и ѓубретарина) од подрачните единици на министерствата кои го користат просторот во општинската зграда. За 2005 година побарувањата изнесуваат 291 иљада денари, од кои е наплатен износ од 107 иљада денари, останува за наплата износ од184 иљади денари, и
- За склучени договори за плаќање на рати за надоместокот за уредување на градежно земјиште во вкупен износ од 61 иљада денари без да се донесе Одлука од Советот за начинот на регулирање на плаќањето и без да се обезбедат инструменти за обезбедување на плаќањето. Со 31.12.2005 година побарувањето е наплатено.
Ваквиот начин на работење доведува до немање увид во состојбата на побарувањата и преземање мерки за нивна наплата.
**Препорака:**
Правниот субјект, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, е должен во книговодството да ги евидентира побарувањата кои ги има од комитентите по разни основи односно кога ќе настанаат, вклучително и по претходно споменатите основи, без разлика дали истите се наплатени или не.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.2. е потценување на билансните позиции во


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

Билансот на состојбата за 2005 година во износ од за 310 илјади денари

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката од 10.1. до 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Валандово на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точка 10.2. кај Буџетот на општина Валандово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**Скопје, 07.08. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на ЕЛС ВАЛАНДОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 6,494 | 4,396 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 259 | 3 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 9,557 | 2,168 |
| **Вкупно приходи** | | **16,310** | **6,567** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 4,044 | 2,301 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 3,891 | 1,396 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.4.3 | 183 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 478 | 1,033 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8,596** | **4,730** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 3,806 | 734 |
| **Вкупно расходи** | | **12,402** | **5,464** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3,908** | **1,103** |

**Буџет на ЕЛС ВАЛАНДОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 3,908 | 1,103 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3,908** | **1,103** |
| **Вкупна актива** | | **3,908** | **1,103** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 3,908 | 1,103 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3,908** | **1,103** |
| **Вкупна пасива** | | **3,908** | **1,103** |